## Какви активности се предвидени?

> изработка на папирусен свиток и глинена плочка со латински натпис
> истражување на разни содржини со посредство на компјутер
> презентација на светот на боговите на хамер-хартија
> читање и сликовито прикажување на хеленските и римските митови
> презентација на храмови, театри, триумфални капии на хамер-хартија
> моделирање на фигури со глинамол или пластелин на разни антички теми
> бојадисување и украсување на керамички вази
> изработка на антички мозаици со помош на колажна хартија
> готвење на јадења по старите рецепти од кујната на Хелените и Римјаните
> изработка на антички костими
> теренска настава: посета на музеј или некое археолошко наоѓалиште

## Каде да се информирате?

По овој предмет имате печатен учебник што ќе го користите во текот на учебната година, но и блог-страница *Mythos* од каде што опширно можете да се запознавате со содржините.




Интернет-адреса на блог-страницата:
http://mythosmk.blogspot.mk





**Дизајн и текст на памфлетот:**
**Ненад Начковски**

# Што ќе изучувам ако го изберам предметот **класичната култура во европската цивилизација?**





Предметот **класичната култура во европската цивилизација** се избира во шесто одделение и претставува посебна можност учениците да ги запознаат корените на денешната европска цивилизација, кои датираат во далечното минато на човековата историја, во времето на Хелените и Римјаните.









## Кои биле Хелените и Римјаните?

Овие народи живееле во антиката и развиле богата култура преку нивниот јазик, писменоста, философијата, уметноста, градителството, а особено преку митологијата и верувањата во божества кои владееле со луѓето и светот.

## Што ќе изучувате?

Со два часа неделно ќе имате можност постапно да се запознавате со прекрасниот антички свет на Хелените и Римјаните распределен во шест теми:

**1. Писменост** (материјали и алатки за пишување, старогрчки и латински поговорки, латинизми, грцизми)

**2. Книжевност** (еп, лирика, драма, говорништво)

**3. Митологија и верувања** (читање на митови, учење за култови, обреди и богови)

**4. Античка архитектура** (храм, театар, триумфална капија, римска куќа, бањи) и **уметничко творење** (вајарство, вазно и ѕидно сликарство, мозаик)

**5. Секојдневен живот на Хелените и Римјаните** (облека, семеен живот, обичаи, готварство, забава)

**6. Античкото наследство во Македонија** (запознавање со старите градови Стоби, Хераклеја Линкестидска, Лихнид и Скупи и со зачуваните пишани споменици)